58 ТС 1-244/23

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,

ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ како првостепен парничен суд, во совет составен од судијата Мери Василева како претседател на совет и судиите поротници Милица Трајановска и Ирма Арсовска како членови на советот, постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул.Ристо Шишков бр.38А Скопје, против туженият Агенција за филм на Република Северна Македонија, со седиште на ул.8-ми Март бр.4 Скопје, за исполнување на договор и исплата на средства, вредност 9.000.000,00 денари, по одржаната главна, јавна и усна расправа на ден 18.02.2025 година во присуство на овластено лице на тужителот Милчо Манчевски со полномошник Валентин Пепељугоски адвокат од Скопје и полномошникот на туженият Арсенија Дејаноска Сарагинова адвокат од Адвокатско друштво Интер Партес Скопје, по советување и гласање на ден 26.02.2025 година ја донесе и објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот, **СЕ УСВОЈУВА.**

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият Агенција за филм на Република Северна Македонија да го исполни Договорот бр.08-28/24 од 12.05.2021 година, склучен со тужителот Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, на начин што ќе му ги исплати преостанатите 30% од доделените средства за финансирање на проектот/филмот „Кајмак“, во висина од 9.000.000,00 денари со законска казнена камата сметано од 17.05.2023 година до исплатата, во висина на референтната стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му претходело на тековното полугодие зголемена за (10) десет процентни поени, се додека износот на достасана, а неисплатена казнена камата ќе го достигне износот на главнината, во рок од 8 дена по приемот на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА туженият на тужителот да му ги надомести парничните трошоци во вкупен износ од 250.626,00 денари, во рок од 8 (осум) дена по приемот на пресудата.

Барањето на тужителот за трошоци во износ од 66.268,00 денари, **СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.**

О б р а з л о ж е н и е

Тужителот до овој суд преку својот полномошник на ден 07.11.2023 година поднесе тужба против туженият, за исполнување на договор и исплата на средства, вредност 9.000.000,00 денари.

Туженият поднесе одговор на тужба со кој го оспори тужбеното барање во целост.

На главната расправа полномошникот на тужителот остана кон тужбеното барање и предложи да се усвои во целост, а полномошникот предложи тужбеното барање да се одбие како неосновано. Докази предложија Трошоци побараа.

Судот на главната расправа ги дозволи и изведе предложените докази и тоа изврши увид во тековна состојба на тужител и тужен, одлука од 21.07.2020 година, потврда на приватна исправа ОДУ бр.31/21 од 21.01.2021 година, преддоговор од 15.01.2021 година, ОДУ бр.300/21 од 12.05.2021 година, договор од 12.05.2021 година, решение од 17.05.2023 година бр.03-270/10, одлука од 26.04.2023 година, поднесок од 27.06.2023 година, тужба од 15.06.2023 година, допис од 12.01.2023 година, допис од 25.07.2023 година, допис од 24.07.2023 година, допис од 05.04.2023 година, барање од 05.04.2023 година, известување од 10.03.2023 година, известување од 28.02.2023 година, известување од 08.06.2023 година, записник за извршен инспекциски надзор од 04.04.2023 година, известување од 11.04.2023 година, записник од 04.04.2023 година, одлука од 26.04.2023 година, решение од 17.05.2023 година, барање од 20.07.2023 година, одговор на тужба, врска У-3 бр.249/2023, решение на Управниот суд У-3 бр.248/2023 од 19.07.2023 година, решение на Вишиот управен суд УЖВМ-2 бр.8/2023 од 18.10.2023 година, известување од 09.05.2024 година, решение од 09.05.2024 година, поднесок од 28.05.2024 година, одговор на допис од 01.11.2024 година, барање од 10.10.2024 година, па врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите заедно во една целина, согласно чл.8 од ЗПП ја утврди следната фактичка состојба:

Од страна на управниот одбор на туженият Агенција за филм на Република Северна Македонија донесена е Одлука бр.02-1117/3 на 21.07.2020 година за прифаќање на проекти по конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран документарен и анимиран филм. Со оваа Одлука се прифаќа финансирање на проекти доставени по конкурс објавен на 15.01.2020 година, во кој проекти е и проектот на тужителот за долгометражен игран филм „Кајмак“ во режија и сценарио на Милчо Манчевски. Согласно Одлуката за овој проект на тужителот му е одобрен износ од 30.000.000,00 денари.

Врз основа на член 34 од Законот за филмска дејност, а согласно донесената Одлуката бр.02-1117/3 на 21.07.2020 година, тужителот и туженият на ден 15.01.2021 година склучиле преддоговор за финансирање на проект - долгометражен игран филм со македонски мнозински удел со наслов „Кајмак“ во режија на Милчо Манчевски, а врз основа на член 35 од Законот за филмска дејност склучиле и главен договор бр.08-28/24 од 12.05.2021 година. Со преддоговорот и договорот се уредени правата и обврските на договорните страни. Согласно член 6 од договорот од страна на тужителот била доставена банкарска гаранција, со цел заштита на средствата со кои Агенцијата учествува во финасирање на филмот.

Врз основа на склучениот договор туженият му исплатил на тужителот 70% од одобрениот буџет во износ од 21.000.000,00 денари. Тужителот постапил по договорот на начин што го го снимил филмот „Кајмак“ кој е прикажан во државата и во странство на бројни фестивали, а ги и исполнил сите други обврски превземени со договорот.

Туженият не постапил по договорот и не му ги исплатил на тужителот преостанатите 30% од одобрените средства, кои се во износ од 9.000.000,00 денари. Наместо тоа, Управниот одбор на туженият донел Одлука бр.02-873/4 на ден 26.04.2023 година за прекин на натамошно финансирање на проектите „Кајмак“ и „Биста“ во режија на Милчо Манчевски. Во Одлуката е наведено дека се прекинува натамошно финансирање поради постоење на претходно прашање - постоење на основи на сомнение во однос на вистинитоста на изјавите од член 26 став 2 точка 5 од Законот за филмска дејност доставени како доказ од страна на тужителот како продуцент во наведените проекти, за чие решавање е надлежен суд или друг јавен орган. Согласно член 2 од Одлуката, се задолжува директорот на туженият да постапи согласно оваа одлука и согласно одредбите од член 95 од ЗОУП да покрене постапка за решавање на претходно прашање и со решение да ја прекине постапката за овие два проекти.

Врз основа на оваа Одлука, в.д. директорот на туженият Бојан Лазаревски на ден 17.05.2023 година донел решение бр.03-270/10 со кое се прекинува натамошното финансирање и постапување по проектите „Кајмак“ и „Биста“ во продукција на тужителот, поради потреба од решавање на претходно прашање - постоење на основи на сомнение во однос на вистинитоста на изјавите од член 26 став 2 точка 5 од Законот за филмска дејност доставени како доказ од страна на тужителот како продуцент во наведените проекти. Одредено е дека постапките по проектите се прекинуваат додека да се реши прашањето за кое е надлежен суд односно друг јавен орган, како и дека решението влегува во сила во денот на неговото донесување. Во образложението на решението е наведено дека врз основа на записник за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.57-27 од 04.04.2023 година на Министерството за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор, Управниот одбор на туженият донел заклучок согласно кој се задолжува директорот на туженият да ги превземе сите правни дејствија, со цел да се утврди дали постои основано сомнение за сторено кривично дело употреба на исправа со невистинита содржина од член 380 од Кривичниот законик од страна на продуцентот - тужителот. Понатаму се наведува дека тужителот со аплицирање на Конкурсот во прилог на документацијата за овие два проекти доставил изјава со која потврдува дека ги исполнил сите обврски кон Агенцијата, односно кон поранешната Национална установа Филмски фонд на РМ - Скопје, но при направениот инспекциски надзор се констатира дека има неисполнети обврски кон Агенцијата и нејзиниот правен предходник, со проектот „Мајки“ - недоставени финаснистки извештаи, неможност за проверка на наменско и законско трошење на доделените парични средства и дека овие неисполнети обврски ја доведуваат во прашање законитоста на постапките за двата проекти, односно се доведува во прашање вистинитоста на дадените изјави.

Спротивно на наведеното во решението, во Записникот за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.57-27 од 04.04.2023 година на Министерството за култура - Сектор за управен и инспекциски надзор, кој вонреден надзор е извршен по Иницијатива на туженият, врз основа на утврдената фактичка состојба констатирано е следното: По однос на наводите во иницијативата за надзор за филмскиот проект „Мајки“, наведено е дека не постои основ да биде извршен инспекциски надзор врз основа на Законот за филмски фонд на РМ, имајќи предвид дека законот е вон сила, односно престанал да важи уште од 01 јануари 2014 година. По однос на наводите од иницијативата по однос на тоа дека тужителот доставил изјава дека ги исполнил сите обврски кон туженият пред склучување на договорот за проекот „Врба“, како и дека при учество на наредните

конкурси за проектите „Кајмак“ и „Биста“ давал изјава со невистинита содржина, при надзорот констатирано е дека инспекторите немаат надлежност да вршат надзор врз работата на туженият. Крајно констатирано е дека не е утврдено ненаменско или спротивно на договорот користење на средствата добиени од туженият за реализација на проектот „Врба“ од аспект на примена на член 39 од Законот за филмската дејноот, поради што инспекторот ја запира постапката.

Од страна на Министерството за култура до туженият е доставено Известување од 03.06.2023 година, во кое се наведува дека филмскиот проект „Кајмак“ е завршен за кој преостанува доплата на преостанатиот дел од средствата во износ од 30%, дека тоа е независна постапка чија натамошна реализација не зависи од исходот на евентуална крвична постапка по поднесена кривична пријава од туженият против тужителот за сосема други филмови претходно продуцирани од овој филмски продуцент. Понатаму се наведува дека во решението на директорот погрешно се повикува на констатација и заклучоци на записникот за извршен надзор. Во оваа насока се укажува дека во записникот од 04.04.2023 година се наведува дека не постои основ за инспекциски надзор по однос на филмскиот проект „Мајки“ врз основа на Законот за филмски фонд на РМ имајки предвид дека законот е вон сила односно престанал да важи уште од 01.01.2014 година. По однос на наводите дека тужителот не доставил изјава дека ги исполнил сите обврски кон туженият пред склучувањето на договорот за проектот Врба како и дека пред учество на наредни конкурси за филмските проекти „Кајмак“ и „Биста“ давал изјава со невистинита содржина, при надзорот е констатирано дека инспекторите немаат надлежност да вршат надзор врз работата на туженият. Од причина што со записникот не е утврдено ненаменско или спротивно на договорот користење на средствата за проектот „Врба“ инспекторот согласно член 39 од Законот за филмска дејност ја запрел постапката. Понатаму се наведува дека во никој случај филмскиот продуцент кој учествува на конкурсот на туженият со доставување на изјава дека ги исполнил обврските кон Агенцијата неможе да ја доведе во заблуда Агенцијата од причина што истата е должна самата да провери дали од негова страна се исполнети сите обврски, па доколку се утврди ова морала да ја отфрли пријавата на филмскиот продуцент. Понатаму се наведува дека согласно Законот за филмска дејност управниот одбор нема надлежност да донесе ваква одлука ниту пак директорот на Агенцијата за филм има право да донесе такво решение со кое времено ќе ја стопира релаизацијата на проектите.

На ден 09.05.2024 година од страна на директорот на туженият Владимир Ангелов врз основа на член 18 став 1 алинеа 1 и член 7 од Законот за филмска дејност, а во врска со член 121 и член 124 став 1 алинеа 4 од ЗОУП и Мислењето на Министерството за култура од 08.06.2023 година донесено е решение со кое решението од 17.05.2023 година се огласува за ништовно и дека ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

Тужителот поднел тужба пред Управен суд на РСМ на ден 15.06.2023 година против решението на туженият од 17.05.2023 година, која тужба со поднесок од 28.05.2024 година ја повлекол од причина што туженият го огласил за ништовно решението од 17.05.2023 година кое е предмет на таа постапка.

Горната фактичка состојба судот ја утврди од изведените писмени докази, врз основа на која следуваше да донесе одлука како во изреката на пресудата од следните причини:

Од писмените докази погорецитирани, судот ги утврди фактите дека на тужителот му бил одобрен вкупен износ од 30.000.000,00 денари за проектот долгометражен игран филм „Кајмак“ во режија и сценарио на Милчо Манчевски согласно Одлука на туженият бр.02-1117/3 на 21.07.2020 година.

Не е спорно дека на тужителот му се исплатени 70% од вкупно одобрените средства и дека останале за исплата 30%, односно утуженият износ од 9.000.000,00 денари.

Спорно е дали туженият има обврска да ги исплати овие средства на тужителот согласно Договорот склучен помеѓу странките.

Причината поради која туженият не ги исплатил овие средства е поради донесена Одлука на управниот одбор на туженият, врз основа на која в.д. директорот на туженият донел решение од 17.05.2023 година за прекин на финасирање на проектот „Кајмак“ поради потреба од решавање на претходно прашање - постоење на основи на сомнение во однос на вистинитоста на изјавите од член 26 став 2 точка 5 од Законот за филмска дејност доставени како доказ од страна на тужителот како продуцент во овој проект. Притоа во образложението туженият се повикува на Записник за инспекциски надзор ИП 1 бр.57-27 од 04.04.2023 година.

Имајќи ја предвид содржината на решението од 17.05.2023 година, како и содржината на записникот за извршен инспекциски надзор детално опишани во фактичката состојба, судот утврди дека решението од страна на туженият е донесено спротивно на констатираното во Записникот за инспекциски надзор. Видно од Записникот, во истиот е наведено дека за филмскиот проект „Мајки“, не постои основ да биде извршен инспекциски надзор врз основа на Законот за филмски фонд на РМ, имајќи предвид дека законот е вон сила, односно престанал да важи уште од 01 јануари 2014 година. По однос на тоа дека тужителот доставил невистинита изјава дека ги исполнил сите обврски кон туженият пред склучување на договорот за проектот „Врба“, како и дека при учество на наредните конкурси за проектите „Кајмак“ и „Биста“ давал изјава со невистинита содржина, при надзорот било констатирано дека инспекторите немаат надлежност да вршат надзор врз работата на туженият. Крајно констатирано е дека не е утврдено ненаменско или спротивно на договорот користење на средствата добиени од туженият за реализација на проектот „Врба“, поради што инспекторот ја запира постапката. Од овие причини Министерството за култура до туженият доставило известување за понатамошно постапување во насока дека нема основ за донесување на такво решение, по што туженият согласно мислењето од известувањето, донел ново решение на ден 09.05.2024 година, со кое решението од 17.05.2023 година го огласил за ништовно.

Во смисла на наведеното судот ги ценеше наводите на полномошникот на туженият дека мислењето на Министерството не обврзува и дека има Одлуката донесена од страна на туженият за прекин на финансирање, меѓутоа во конкрениот случај решението донесено од страна на туженият согласно таа одлука е огласено за ништовно.

Во член 26 од Законот за филмска дејност е предвидено дека филмскиот продуцент доставува барање со документација, меѓу која и изјава дека ги

исполнил сите обврски кон Агенцијата, односно кон поранешната Национална установа Филмски фонд на Република Северна Македонија - Скопје за други проекти финасирани со средства од Буџетот на Република Северна Македонија. Согласно член 30 Управниот одбор на предлог на директорот, а по преходно мислење на Советот, донесува одлуки за прифаќање или одбивање на проекти по конкурсот.

Во смисла на наведеното испитувањето на доставената документација е во надлежност на туженият, кој по спроведената постапка по објавениот конкурс донесува Одлука кој од проектите ги прифаќа за финансирање и кој износ го одобрува за таа цел. Согласно овој Закон туженият нема овластување да донесе решение со кое го прекинува финасирањето поради сомневање во дадената изјава од филмскиот продуцент како предходно прашање, затоа што не станува збор за предходно прашање, ниту пак основ за прекин на финансирање.

Согласно одредбите од Договорот туженият има право да го прекине натамошното финасирање во случај доколку со извештајот од извршена контрола се утврдени дека доделените средства се користат спротивно на договорот, односно продуцентот не ги користел наменски и законски, што не претставува случај.

Согласно член 35 став 4 од Законот за филмска дејност, на договорот за финансирање на филмски проекти избрани на конкурс, и на преддоговорот од членот 34 од овој закон, се применуваат прописите за облигациони односи на Република Северна Македонија

Согласно член 10 став 1 од Законот за облигациони односи, учесниците во облигациониот однос се должни да ја извршат својата обврска и се одговорни за нејзиното исполнување. Согласно член 284 став 1 од истиот Закон обврската престанува кога ќе се исполни, како и во други случаи определени со Закон.

Согласно член 135 став 1 од Законот за облигационите односи, договорот создава права и обврски за договорните страни.

Согласно член 251 став 1 од истиот Закон, доверителот е обврзан односно е овластен да бара од должникот исполнување на обврската, а должникот е должен да ја исполни совесно во сето како што гласи таа.

Согласно чл.266 од ЗОО, должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска, покрај главнината долгува и казнена камата.

Согласно утврдената фактичка состојба и цитираните законски одредби, а како во конкретниот случај тужителот постапил по договорот склучен со туженият на начин што го реализирал во целост проектот, туженият е должен да ја исполни својата обврска за исплата на преостанатиот дел од одобрените средства во висина од 9.000.000,00 денари.

Поради тоа што туженият задоцнил со исполнување на парична обврска, должен е да му плати на тужителот и законска казнена камата определена согласно чл.266а ст.1 од ЗОО сметано од 17.05.2023 година до конечна исплата, се додека износот на достасана, а неисплатена казнена камата ќе го достигне износот на главнината согласно член 266-а став 8 од ЗОО.

Предлогот на полномошникот на тужениот за прекин на постапката до завршување на управниот спор судот го одби, од причина што не се исполнети законските услови за прекин. Ова со оглед да тужителот ја повлече тужбата поднесена до Управниот суд, поради донесувањето на решението од страна на тужениот со кое се огласува за ништовно решението кое е предмет на тој спор.

Согласно член 148 од ЗПП, а притоа имајќи ја предвид вредноста на спорот, Законот за судски такси и Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите, судот го задолжи тужениот да му ги надомести на тужителот парничните трошоци во вкупен износ од 250.626,00 денари, кои се однесуваат за состав на тужба износ од 27.612,00 денари, за состав на образложен поднесок износ од 27.612,00 денари, за застапување на полномошник на 3 рочишта од 18.10.2024 година, 26.11.2024 година и 18.02.2025 година износ од по 33.134,00 денари или вкупно износ од 99.402,00 денари, кои трошоци се со вклучен 18% ддв затоа што полномошникот е даночен обврзник, такса за тужба износ од 48.000,00 денари и такса за одлука износ од 48.000,00 денари

Судот не досуди трошоци за застапување на рочиштето од 26.02.2024 година затоа што е одложено по барање на тужителот и за рочиштето од 04.06.2024 година затоа што е одложено поради доставување на дополнителни докази од страна на полномошникот на тужителот на самото рочиште, поради што поголемото барање за трошоци го одби како неосновано.

ОДЛУЧЕНО ВО ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
58 ТС1-244/23 на 26.02.2025 година

Претседател на совет - Судија
Мери Василева

ПОУКА: Против оваа одлука незадоволната странка има право на жалба во рок од 8 дена по приемот на одлуката преку овој суд до Апелациониот суд Скопје.

НАЛОГ ЗА ТАКСА:Се задолжува тужителот да плати на име такса за одлука износ од 48.000,00 денари во рок од 8 дена по приемот на пресудата, а во спротивно истата ќе се наплати во зголемен износ .

Д.Н. - на полномошник на тужител, Адвокатско друштво Пепељугоски Скопје, ул.Димитрие Чуповски бр.4/1-1 - Скопје

- на полномошник на тужен, Адвокатско друштво ИНТЕР ПАРТЕС Скопје, ул.Крсте Мисирков бр.11, ДТЦ Мавровка, лам Ц, 2/4 - Скопје

НАПОМЕНА: Доколку има услови да се изврши достава по електронски пат.

С у д и ј а

У-3.бр.154/2023

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите Габријела Михајловска - претседател на советот, Весна Јовановска и Елеонора Хамулиќ Ајро - членови на советот, со записничар Весна Трајковска - виш судски референт, одлучувајки по тужбата на тужителот Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Владимир Андреевски адвокат од Скопје, за поништување на Решението број УП.број 1105-5 од 14.03.2023 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, по основ на други основи од управно, вредност на спорот 34.000.000,00 денари, по одржаната јавна расправа на ден 29.10.2024 година, во присуство на полномошникот на тужителот Валентин Пепељугоски адвокат од Скопје, а во отсуство на претставник на туженият орган - уредно поканет, на ден 05.11.2024 година, ја донесе и објави следната:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, СЕ УВАЖУВА.

Решението на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен број 1105-5 од 14.03.2023 година, СЕ ПОНИШТУВА.

Се задолжува тужен орган во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката да донесе нов управен акт.

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот да се задолжи туженият орган да му ги надомести трошоците по постапката во вкупен износ од 25.416,00 денари, ДЕЛУМНО СЕ УВАЖУВА.

Се задолжува туженият орган да му ги надомести на тужителот трошоците по постапката во вкупен износ од 9.540,00 денари со вклучен ДДВ, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Поголемото барање на тужителот за надомест на трошоци во постапката од досудениот износ до побараниот од 15.876,00 денари, СЕ ОДБИВА.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решението означено во изреката на пресудата, се одбива жалбата изјавена против Одлука бр.02-25/22 од 05.01.2023 година на Агенција за филм на РСМ, за прифаќање на проектот „Биста“ во режија на Милчо Манчевски по Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен филм за 2022 година, објавен на 27.01.2022, поднесена од Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје.

Незадоволен од вака донесеното решение тужителот преку својот полномошник поднесе тужба за управен спор.

Туженият орган во одговор на тужбата, наведе дека останува во целост на наводите изнесени во оспореното решение, од причина што во конкретната управна

работа, фактичката состојба е целосно утврдена и правилно е применето материјалното право, поради што предложи тужбата да биде одбиена како неоснована.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата на тужителот, на ден 29.10.2024 година закажа и одржа јавна усна расправа во присуство на полномошникот на тужителот Валентин Пепељугоски адвокат од Скопје, а во отсуство на претставник на туженият орган, кој иако беше уредно поканет не присуствуваше на расправата и не го оправда своето отсуство.

Полномошникот на тужителот наведе дека останува кон наводите од тужбата и поставеното тужбеното барање. По однос на писменото произнесување кое беше доставено до тужителот од Агенцијата за филм до тужен орган од 26.05.2023 година, наведе дека судот не треба да го прифати истото и да го изведува како доказ бидејќи не е од тужен орган. По однос на тужбата наведе дека бодирањето било незаконско, нестручно и тенденциозно и било излезено надвор од овластувањата како од страна на рецензентот така и од страна на финсискиот советник. Потенцираше дека рецензентот Ана Василевска во еден дел од предлогот односно оценката навела дека предложениот проект цитирајќи: „од друга страна нема комерцијална димензија за регуларна кино дистрибуција, истовремено за успешно и естетско издржано филмско дело потребен е посветен режисерски приод, оригиналност со камерата и силен актерски потецијал“, со што рецензентот навлегувал во и ограничувал едно човеково право а тоа е слобода на говорот и научното и уметничко творештво на најпознатиот, најнаградуваниот режисер на Македонија Милчо Манчевски, иако истата немала никава квалификација, кажувала на нешто што ќе биде и укажувала каква вештина требало да има со камерата, неместо да го оценува сценариото. Финасискиот советник Бранко Петровски го евелуирал во повеќе основи проектот и доделил „0“ бодови за 4 категории, истиот се сомневал во веродостојноста на доставените документи и се сомневал дека некој ќе го финасира тој филм. Дека г. Петровски немал соодветна квалификација да биде избран за финасиски советник говорел и фактот дека тој бил разрешен од новиот директор.

Во завршни зборови полномошникот на тужителот изјави дека предлага да се уважи тужбеното барање. Предјави трошоци по трошковник кој ќе биде дополнително доставен. Со трошковникот примен во Управен суд побара трошоци во вкупен износ од 23.624,00 денари со вклучен ДДВ.

Во доказна постапка Судот со читање ги изведе следните докази: тековна состојба на тужителот, тековна состојба на тужен орган, оспорено решение, одлука на Управен одбор на Агенција за филм од 27.12.2022 година, пријава до Агенција за филм и прилог документи за филсмки проек „Биста“ од 15.08.2022 година, потврда за регистрирана дејност со дата 18.07.2022 година, Пред договор за уредување на авторски права склучен на ден 14.07.2022 година, помеѓу сега тужителот и Милчо МАНЧЕВСКИ, финансиски план за филмски проек прашалник за успешност на режисер, прашалник за успешност на продуцент , рекапитулар од буџет за филмски проек Биста, целосен буџет за филмски проек Биста , писма на интерес со предмет проект на долгометражен игран филм Биста во режија на Милчо Манчевски од македонски радио телевизија до Банана филм ДООЛСкопје, режисерска експликација за филмски прект Биста, опис на ликови, биографија и филмографија за Милчо Манчевски сценарист и режисер, награди за достигнувања , за најдобар игран филм и за кратки филмови, историјат за Банана филм со проекти, уверение за државјанство за Милчо Манчевски од 20.02.2020 година, потврда за сопствено учество од 14.07.2022 година, изјава од сега тужителот преку законски застапник од 14.07.2022 година, светка критика за „ Кајмак “ на Милчо Манчевски од 21.11.2022 година, доставено од Ана Василевска, барање за пристап до информации од јавен карактер од 01.02.2023

година, анализа на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на конкурс за финансирање на проекти за 2022 година од транспаренси интернешенел Македонија од март 2023 година, записник за извршен инспекциски надзор ИП1 бр. 57-41 од 27.07.2020 година, доства на списи на надлежност до Државна комисија за спречување на корупција од 12.03.2020 година, одговор на тужба од тужен орган во форма на пропратно писмо, жалаба на одлуката на Управен одбор на Агенцијата за филм поднесена од страна на сега тужителот, на ден 07.02.2023 година, решение за именување на членови на филмски совет на Агенцијата за филм од 09.12.2021 година, мислење за неприфатени односно одбиени проекти по конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражан и краткометражен игран, документарен и анимиран филм во втор рок на одлучување бр. 02-1679/12 од 26.12.2022 година, како и мислење за прифатени проекти на конкурсот бр. 02-1679 /13 од 26.12.2022 година , листа за евалуација за долгометражен игран филм без дата, како и листа за евалуација со дата 27.11.2022 година, евалуационен лист бр.02-1679/3 од 23.12.2022 година, и писмено произнесување од Агенција за филм до тужен орган по тужбени наводи истакната во тужба со бр. 03-284/6 од 23.05.2023 година. Останатите докази кои се на англиски јазик судот не ги изведе со оглед на тоа дека истите не се преведени.

Судот постапувајќи по тужбата на тужителот, а врз основа на наводите од тужбата, одговорот на тужба, наводите изнесени на расправата, списите по предметот и доказите изведени на расправата најде дека:

Тужбата е основана.

Од списите на предметот произлегува дека првостепениот орган- Агенцијата за филм на РСМ на 05.01.2023 година донела Одлука бр.02-25/22 за прифаќање на проектот „Биста“ во режија на Милчо Манчевски, по Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм, објавен во јануари 2022 година во втор рок на одлучување, со финансиска поддршка од 28.000.000,00 денари, врз основа на член 21 став 1 алинеја 2 и член 30 став 2 од Законотза филмска дејност.

Незадоволен од Одлуката, сега тужителот Друштво за филмска продукција БАНАНА ФИЛМ ДООЕЛ Скопје, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен поднел жалба.

Туженият орган постапувајќи по жалбата, врз основа на приложената документација ја одбил како неоснована жалбата на тужителот. Во образложението на оспореното решение туженият орган констатирал дека првостепениот орган правилно ја спровел целата постапка која претходела на донесувањето на Одлуката, постапил во рамките на своите ингеренциите и овластувањата утврдени со закон, при што ценејќи ги евалуациите на филмските рецезенти и финансискиот советник донел правилна и законита Одлука. Врз основа на наведеното, а согласно член 109 став 4 од Законот за општата управна постапка, туженият орган го донел сега оспореното решение.

Тужителот во тужбата за управен спор наведува дека со оспореното решение сторена е повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог тужбата да се уважи а оспореното решение да се укине или да се преиначи на начин што Одлуката на Управниот одбор на Агенцијата за филм на РСМ бр.02-25/22 од 05.01.2023 година да ја преиначи, па разликата од доделените средства 28.000.000,00 денари до бараните 62.000.000,00 денари, во висина од 34.000.000,00 денари како финансиска поддршка ќе и ја додели на Банана филм Скопје, а во останатиот дел Одлуката на Агенцијата да остане непроменета. Истакнува дека изреката на одлуката

на првостепениот орган е во спротивност со образложението односно истата не содржи одбивателен дел. Од побараните 62.000.000,00 денари финансиски средства во пријавата на Конкурсот, Агенцијата одобрила само 28.000.000,00 денари, иако во диспозитивот на Одлуката е наведено дека е прифатено барањето за доделување на финансиски средства. Разликата од побараниот до добиениот дел финансиски средства, во износ од 34.000.000,00 денари не е прифатен, ниту пак се наведени причините за решителните факти на кои се базира ваквата одлука, што укажува дека Одлуката има содржина која е несоодветна на содржината која еден управен акт треба да ја има согласно позитивните законски прописи. Тужителот наведува дека постапувањето на Агенцијата за филм е недозволиво и истото морало да биде санкционирано од Второстепената комисија. Наведува дека Комисијата воопшто не се осврнала и не ги ценела наводите на тужителот туку со општи реченици констатирала дека ги ценела жалбените наводи на жалителот, но сметала дека не се од влијание за решавање на оваа правна работа, од причина што првостепениот орган постапил во рамките на ингеренциите и донел правилно и законито решение, притоа ценејќи го стручното мислење на финансискиот советник дека за овој проект поддршката треба да гласи на износ не повеќе од 30.000.000,00 денари. Но, и покрај тоа Агенцијата доделила 2.000.000,00 денари помалку, без образложение за истото. Понатаму, наведено е дека Комисијата не ги санкционирала повредите на постапката од страна на Агенцијата од аспект на бодирањето. Имено, филмската рецензентка Ана Василевска го оценила сценариото со 77 бодови од можни 150, а потребни биле минимум 76 бодови за да се квалификува во натамошна постапка. Тенденциозноста на нејзината злонамерна, необјективна рецензија се гледала од нејзините субјективни коментари и оценувајќи нешто што допрва треба да се случи како на пример “За успешно и естетски издржано филмско дело потребен е посветен режисерски приод, оригиналност во камерата и силен актерски потенцијал“. Рецензентката дава оценка и за вештината на сценаристот и не спори со вештината со која е испишана приказната за ова сценарио, што всушност е и работа на рецензентот да ја оценува вештината а не да спори со субјективното обликување на стварноста. Тенденциозноста во однос на рецензијата на Василевска можела да се согледа и при споредбата на бодовите на филмскиот рецензент Косара Митиќ 145 од можни 150 бодови и бодовите на Ана Василевска 77 бодови, од минимум 76 бодови. По однос на финансискиот советник, наведено е дека назначениот Бранко Петровски никогаш не бил истакнат продуцент и не ги исполнува условите од член 24 од ЗФД за да може да биде именуван за финансиски советник, како и дека е неприфатливо само едно лице во РСМ да биде именувано за финансиски советник и сите да зависат од неговата добра волја. Од вкупно 100 можни поени согласно член 9 од Правилникот, Бранко Петровски, филмот „Биста“ го оценил со 25 поени и тоа дадени само за оперативен план за реализација на филмот, а сите останати ставки од членот 9 од Правилникот ги оценил со 0 поени. Притоа, не образложил зошто оценил дека буџетот за филмот не е реален и дал 0 поени, а бил должен согласно член 24 став 4 од Законот за филмска дејност, проектот да го врати на доработка. Понатаму, навел дека се сомнева дека странските продуценти ќе опстојат во својата заложба за кофинансирање поради лошиот претходен филм на режисерот Манчевски- „Кајмак“, иако во време на доставување на пријавата на конкурсот, филмот „Кајмак“ не бил јавно прикажан, ниту би требало да биде предмет на евалуација, ниту пак финансискиот советник има надлежност да врши вредносна евалуација на претходните филмови на филмските продуценти, што впрочем укажува дека ваквото тврдење на Петровски е тенденциозно и злонамерно, односно надвор од неговите надлежност, а заради личната нетрпеливост кон режисерот Манчевски. Тужителот наведува дека не случајно се наведени бодирањата на Ана Василевска - филмски рецезент и Бранко Петровски- финансиски советник, кои Директорот и Управниот одбор морало да ги изземат од евалуација на проектот на Манчевски, заради конфликт на интереси и очекуваното необјективно и тенденциозно постапување/оценување. Или ако веќе не ги иззеле, можеле да не ги прифатат нивните субјективни тврдења, особено заради тоа што имаат релеванти податоци во архивата

на Агенцијата за филм и во пријавата за учество на конкурс. Во оваа насока, наведува дека Ана Василевска е филмски рецензент во Агенцијата за филм од 2018 година, која до 2020 година била и член на Филмскиот совет на Агенцијата, откако Милчо Манчевски поднел претставка дека истовремено не може да остварува различни надлежности од Законот за филмска дејност кои се взаемни и условени, по што истата била разрешена од функцијата член на Филмскиот совет. По извршен инспекциски надзор, констатирано било дека додека Ана Василевска била член на Филмскиот совет учествувала во реализација на проекти кои се поддржани од Агенцијата за филм, спротивно на членот 32 од Законот за филмска дејност. И покрај наведеното, Ана Василевска е ангажирана како филмски рецензент на Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување), на кој конкурс се пријавил и режисерот Манчевски со неговиот проект „Биста“. Со оглед на претставката, Василевска има основа за реваншизам кон Милчо Манчевски, а истото се потврдува и со нејзиниот објавек текст на порталот „Нова ТВ“ под наслов „Светската критика за „Кајмак“ на Манчевски, вулгарна, конфузна, разочарувачка драмедија“. Освен тоа, Бранко Петровски е финансиски советник во Агенцијата за филм од 2018 година и до 2020 година бил и член на Филмскиот совет на Агенцијата, откако Милчо Манчевски поднел претставка дека истовремено не може да остварува различни надлежности од Законот за филмска дејност кои се взаемни и условени, по што истиот бил разрешен од функцијата член на Филмскиот совет. Сепак, Бранко Петровски е ангажиран како финансиски советник на Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување), на кој конкурс се пријавил и режисерот Манчевски со неговиот проект „Биста“. Со оглед на претставката, Петровски има основа за реваншизам кон Милчо Манчевски. Бодовите од Ана Василевска и Бранко Петровски влијаеле на вкупниот број на бодови кои ги освоил филмот „Биста“, а со тоа и на износот на финансиските средства кои се доделени за филмскиот проект, додека во останатиот дел на бодовите за успешност на филмскиот продуцент и за успешност на филмскиот режисер, филмот има освоено најголем број на бодови. Доколку Агенцијата за филм ги имала воспоставено функционален и ефикасен систем за превенција на судирот на интереси ќе назначела друг рецензент и друг финансиски советник, со што ќе ги отстранела сите сомнежи за пристрасност, реваншизам, непрофесионалност и дискриминација во евалуацијата на проектот на Манчевски. Тужителот истакнува дека со ваквиот начин на одлучување постапено е спротивно на членот 8 од ЗОУП, согласно кој органите на управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи. Во предметниот случај, конфликтот на интереси е констатиран и од страна на Транспаренси Интернешнел Македонија во нивната Анализа на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 година од Март 2023 година.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека истото е неправилно и незаконито.

Согласно член 35 од Законот за управните спорови („Сл.Весник на РСМ“ бр.96/19), Судот одлучува во границите на тужбеното барање, но не е врзан со причините на тужбата.

Според одредбата од член 60 став 3 и став 5 од истиот закон, по исклучок од ставот (1) на овој член, Судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот кој го донел, и тоа: 1) доколку туженият орган решавал по слободна оценка или 2) доколку природата на управната работа не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба во управната постапка да се утврди вистинската фактичка состојба. Согласно став 5, Доколку Судот го поништи управниот

акт и предметот го врати на органот кој го донел управниот акт, во пресудата ќе му нареди на туженият орган да донесе поединечен акт во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата, при што туженият орган е врзан за правното мислење на судот во однос на примената на материјалното право и за неговите ставови кои се однесуваат на постапката.

Согласно член 8 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2015), органите во управната постапка се должни да обезбедат еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи.

Согласно член 88 став 1, од истиот Закон, управниот акт што е издаден во писмена форма содржи: вовед, диспозитив, образложение, правна поука, потпис од овластеното службено лице и печат. Согласно став 3, со диспозитивот се одлучува за предметот на постапката во целост и за сите барања на странките за кои во текот на постапката не е решено посебно. Диспозитивот мора да биде краток и определен, а кога е потребно може да се подели и на повеќе точки. Со диспозитивот може да се одлучи и за трошоците на постапката, ако ги имало, определувајќи го нивниот износ и кој е должен да ги плати, на кого и во кој рок. Ако во диспозитивот не се одлучува за трошоците, ќе се наведе дека за нив ќе се донесе посебен управен акт. Ако со управниот акт се налага извршување на некакво дејствие, во диспозитивот ќе се определи и рокот во кој треба да се изврши тоа дејствие. Кога е пропишано дека жалбата не го одлага извршувањето на управниот акт, тоа мора да биде наведено во диспозитивот. Согласно став 4 од истиот член, образложението треба да биде разбирливо и да содржи: кратко излагање на барањето на странката, ако постои, утврдените факти според коишто е издаден управниот акт, правните прописи и причините поради коишто, врз основа на утврдените факти, управниот акт е донесен,причините поради кои некои од барањата, тврдењата или предлозите на странките не се прифатени, како и причините поради кои некои од изјавите дадени во текот на постапката не се земале предвид. Во случај на управен акт донесен по слободна оцена, мора да се наведат главните причини поради кои правото да се решава по слободна оцена се применило на начин како во управниот акт. Кога жалбата не го одлага извршувањето на управниот акт, образложението исто така содржи и упатување на прописот што тоа го предвидува.

Согласно член 109 став 9 од истиот Закон, кога второстепениот орган ќе утврди дека во првостепената постапка фактите се нецелосно или погрешно утврдени дека во постапката не се водело сметка за правилата на постапката што би биле од влијание врз решавањето на работата, или дека диспозитивот на побиваниот управен акт е нејасен или е во противречност со образложението тој со свое решение ќе го поништи првостепениот управен акт и предметот ќе му го врати на првостепениот орган на повторна постапка. Во тој случај второстепениот орган е должен со своето решение да му укаже на првостепениот орган во кој поглед треба да се надополни постапката, а првостепениот орган е должен во се да постапи по второстепениот управен акт и без одлагање, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предметот, да донесе нов управен акт. Против новиот управен акт странката има право на жалба.

По наоѓање на Управниот суд туженият орган донел нејасна и незаконита одлука која не е подобна за испитување.

Видно од оспореното решение е дека жалбата поднесена од сега тужителот против Одлука бр.02-25/22 од 05.01.2023 година на Агенцијата за филм на РСМ со која се прифаќа филмскиот проект „Биста“ со финансиска поддршка од 28.000.000,00 денари, е одбиена како неоснована. Видно од образложението на оспореното решение, списите по предметот, а во корелација со тужбените наводи и доказите кон тужбата произлегува дека туженият орган, иако е должен согласно Законот за општата управна постапка, не постапил правилно и во согласност со горенаведените одредби од Законот за општата управна постапка.

Управниот суд, најде дека туженият орган донел незаконито решение, кога утврдил дека првостепениот орган ги презел потребните дејствија во постапката и дека правилно постапил кога ја донел Одлуката бр.02-25/22 од 05.01.2023 година со која се прифаќа проектот „Биста“ во режија на Милчо Манчевски и за кој е обезбедена финансиска поддршка од 28.000.000.00 денари, од причина што второстепениот орган не го зел предвид фактот дека Одлуката на првостепениот орган нема аргументирано образложение зошто разликата од побараните 62.000.000,00 денари до доделените 28.000.000,00 денари, односно износот од 34.000.000,00 денари се одбиени.

Управниот суд, најде дека иако второстепениот орган во оспореното решение се повикал и на мислењето на финансискиот советник дека поддршката треба да гласи на износ не повисок од 30.000.000,00 денари, кое мислење на финансискиот советник воопшто не беше доставено како доказ во постапката од страна на туженият орган и Управниот суд не е во можност да утврди дали правилно е спроведена постапката во овој дел.

Управниот суд утврди дека второстепениот орган сторил повреда на горенаведените одредби од ЗОУП, од причина што во конкретниот случај не обезбедил еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во конкретната постапка.

Туженият орган го занемарил фактот дека првостепениот орган со донесувањето на своето решение овозможил тенденциозната евалуација на филмскиот рецензент и филмскиот советник да помине како професионално оценување и евалуација во рамките на овластувањата и законските надлежности, а од друга страна со тенденциозната евалуација на филмскиот советник и филмската рецензентка која влијаела на Одлуката на Агенцијата за филм, со која на тужителот не му се одобрени бараните средства во износ од 34.000.000,00 денари, туженият орган го донел оспореното решение на штета на тужителот, дотолку повеќе што согласно горенаведените одредби од ЗОУП бил должен да обезбеди еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на управните работи, како и да му укаже на првостепениот орган во кој поглед треба да се коригира донесената Одлука бр.02-25/22 од 05.01.2023 на Агенцијата за филм.

По наоѓање на Управниот суд од списите по предметот во конкретниот случај неспорно произлегува дека постои судир на интереси кај лицата кои имале одлучувачка улога во Конкурсот за избор на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност за 2022 година (втор рок на одлучување). Имено, Судот најде дека филмскиот проект е бодуван и рецензиран од Ана Василевска, која претходно е разрешена по укажување на Милчо Манчевски, така што, состојбата на судир на интереси дополнета со состојба на пристрасност е присутна при оценувањето, видно од нејзиното минимално бодување. Исто така, Судот најде дека филмскиот проект бодуван од Бранко Петровски, кој претходнно е разрешен по укажување на Милчо Манчевски, така што, состојбата на судир на интереси дополнета со состојба на пристрасност е присутна при оценувањето.

Туженият орган бил должен да внимава и да му укаже на првостепениот орган за недостатоците во образложението на донесениот управен акт, односно за неаргументираното образложение за одбиените финансиски средства во износ од 34.000.000,00 денари. Исто така, Судот најде дека во конкретниот случај тенденциозноста при оценувањето се провлекува низ целата постапка, без истата да биде санкционирана, иако туженият орган бил должен да обезбеди еднаква, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи во решавањето на конкретниот случај.

Со оглед на наведеното, во повторна постапка, туженият орган ќе треба да му укаже на првостепениот орган на констатираните повреди на постапката и на фактот дека постои изразен судир на интереси како што е образложено па согласно правното мислење на Судот, туженият орган да донесе правилна и законита одлука.

Врз основа на наведеното, Судот следуваше да го поништи конечниот управен акт, согласно член 60 став 3 и став 5 од Законот за управните спорови.

Одлучувајки по однос на барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, Судот согласно член 148 став 1 и член 149 од ЗПП, в.в. со член 86 од Законот за управни спорови и согласно успехот во спорот, одлучи да го задолжи туженият орган да му ги надомести на тужителот трошоците во постапката во вкупен износ од 9.540,00 денари со вклучен ДДВ. Барањето за надомест на трошоците во останатиот дел односно од побаруваниот до досудениот износ во износ од 15.876,00 денари, Судот го одби како неосновано. Ова, од причина што за управен спор, согласно член 8 точка 10 од Адвокатскиот тарифник, наградата на полномошникот изнесува 7.000,00 денари, а судска такса за тужба и одлука изнесува 1.280,00 денари, поради што Судот донесе одлука како во изреката на решението.

ОДЛУЧЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 05.11.2024 година, под У-3.бр.154/2023.

Претседател на совет - Судија
Габријела Михајловска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда не е дозволена жалба согласно член 69 став 4 од Законот за управните спорови.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2. Доколку судската такса не биде платена во определениот рок доброволно, Судот кон наплата на истата ќе пристапи по присилен пат преку Управата за јавни приходи, зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот преку полномошник,
- туженият орган

Претседател на совет – Судија
Габријела Михајловска